Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 10.12.2020

На 09.12.2020 околу 23.30 часот, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода М.Ј.(50) од с.Пирок, тетовско бидејќи во угостителски објект во негова сопственост во с. Пирок, имало гости и работел по дозволеното време, односно не ги почитувал мерките за справување со ширењето на коронавирус. По целосното документирање на случајот на М.Ј. ќе му биде изготвен соодветен поднесок за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија", согласно член 206 од Кривичниот законик.

На 09.12.2020 во 22.10 часот на подрачје на општина Кисела Вода од полициски службеници од СВР Скопје од слобода се лишени четири лица: М.Т.(29), Б.Ј.(28), Ф.Л.(21) и В.М.(23) сите од Скопје бидејќи при контрола над патничкото моторно возило управувано од Б.Ј., е пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.12.2020 околу 18,30 часот во Штип на крстосница од ул.„Пиринска" и ул.„Сутјеска", патничко моторно возило "опел агила" со штипски регистарски ознаки управувано од И.А.(37) од Штип удрило во пешакот Р.В.(62) од Штип. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобила Р.В., на која и била укажана лекарска помош во Клиничка болница Штип. За незгодата е известен јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Штип.

На 09.12.2020 во 15,15 часот во Полициско одделение Сарај Е.Н.(44) од село Грчец, скопско пријавил дека на улица "20" во село Сарај бил каснат од куче скитник.

На 09.12.2020 во 20,55 часот во с.Долно Лисиче,скопско на крстосница од ул.„1" и ул.„7", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило "мазда 323" со скопски регистарски ознаки управувано од И.Н.(37) од с.Долно Лисиче и товарно моторно возило "ман" со приколка "утва" двете со скопски регистарски ознаки управувано од С.Т.(52) од Скопје. По незгодата, И.Н. бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (09.12.) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на Кисела Вода и Сопиште изречени се вкупно 158 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 18, 19 санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила, 14 мерки за користење мобилен телефон, 18 мерки за минување на затворен сигнал(црвено светло) и 4 мерки за возење под дејство на алкохол.

На 09.12.2020 во 22.40 часот во Битола, на ул.„Македонска фаланга", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „хундаи" со битолски регистарски ознаки, управувано од Н.Т.(41) од Горно Оризари и автобус „ман" со битолски регистарски ознаки, управуван од Т.Д.(54) од Битола. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот Н.Т., додека со повреди се здобила сопатничката во автобусот К.Н.(25) од Битола, на кои им била укажана лекарска помош во Клиничка болница Битола. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Битола.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.С. (37) од Куманово, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 22.08.2020 околу 00,30 часот, на градски базен во Куманово, од полициски службеници од СВР Куманово при извршен преглед кај М.С. биле пронајдени и одземени кокаин и хероин.

На 09.12.2020 околу 17,48 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза" било донесено повредено дете. Полициски службеници извршиле разговор со М.Ф.(30) од Скопје, татко на детето, кој појаснил дека околу 11,00 часот сакал да излезе со своето патничко моторно возило "голф" од неговиот двор, но додека се враќал наназад, не забележал дека со задното десно тркало го удрил неговиот син. Кај детето биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

Одделението за внатрешни работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.М.(37) од с.Луботен,скопско поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 08.02.2020 околу 01,20 часот, при извршена акциска контрола во с.Неготино,гостиварско во угостителски објект од полициски службеници било затекнат А.М. и при извршен преглед над него, бил пронајден и одземен пиштол ,,застава,, М57,калибар 7,62 мм, со рамка во внатрешноста со девет куршуми калибар 7,62 мм., за кој А.М. не поседувал дозвола.

Одделението за внатрешни работи Кратово поднесе кривична пријава против О.М.(38) од с.Татомир, кратовско, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 07.12.2020 околу 13,50 часот, О.М. бил затекнат во с.Сакулица,кратовско од полициски службеници со што не го почитувал решението издадено од Државен санитарен и здравствен инспекторат, со кое му се изрекува мерка Здравствен надзор и домашна изолација во траење од 14 дена и истата треба да ја издржува во својот дом во с.Татомир.

Одделението за внатрешни работи Ресен поднесе кривична пријава против В.Б.(53) од Ресен поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". В.Б., и покрај потпишана изјава за самоизолација во домашни услови, не се придржувала на мерките и на 15.10.2020 при контрола извршена од полициски службеници не била затекната во домот во Ресен.

На 09.12.2020 во 16,00 часот во Полициска станица Центар, од претставник на правно лице од Скопје, било пријавено дека на 08.12.2020 во 14,30 часот во објект со кој стопанисува оваа фирма на ул. "Кеј 13-ти Ноември" во Скопје, С.Ј.-управител на фирма која што претходно имала закуп на деловен простор на бродот, но истиот не бил продолжен, одзел музичка опрема. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 07.12.2020 во 15,30 часот во Полициска станица Центар, Ф.Н.(22) од Скопје, пријавил дека на 28.11.2020 околу 02.30 часот пред сендвичара на бул. "Партизански одреди", додека бил заедно со неговите пријатели М.П., Н.Ј. и С.Ј. бил физички нападнат од С.Р.и други две лица. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 09.12.2020 во 13,30 часот во Скопје, пред угостителски објект на плоштад Македонија, од полициски службеници од СВР Скопје бил приведен Н.С.(26) од Скопје, бидејќи истиот го нарушил јавниот ред и мир, а потоа ги омаловажувал полициските службеници.По целосно документирање на случајот, против пријавениот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.12.2020 околу 08,45 часот во Полициска станица Гевгелија било пријавено дека во апартман во Гевгелија, е пронајден починат S.A.(46) од Р.Грција, со привремен престој во Гевгелија. Од доктор од итна медицинска помош констатирана е смрт, без траги на насилство. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на Одделение за внатрешни работи Гевгелија, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот е предадено за обдукција.

На 09.12.2020 околу 15,10 часот на плоштад Филип Втори во Скопје од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода А.М.(19) од Скопје бидејќи кај него била пронајдена и одземена шипка на расклопување. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.80 од Закон за оружје.

На 09.12.2020 во 16,55 часот во СВР Скопје, А.Н.(22) од Скопје, пријавил дека бил физички нападнат од неколку лица и му било оштетено возилото поради недоразбирања во сообраќајот на крстосница од бул."Македонско Косовска Бригада" со бул. "Словенија"во Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет